Јавна здравствена установа
ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ-СКОПЈЕ
Institucion shendetesor publik
QENDRA E SHENDETIT PUBLIK-SHKUP
Бр.-Nr. 02-4248/2
25-11-2020 20 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

**ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ**

Со 70 годишното искуство, основната дејност на ЈЗУ ЦЈЗ Скопје се спроведува согласно:

- Законот за здравствена заштита
- Законот за заштита на населението од заразни болести
- Програмите донесени од Владата на Р.Македонија

Нашите лаборатории се посветени на добра професионална пракса преку обезбедување квалитет во тестирањата, примена, одржување, подобрување и постојано преиспитување на системот за управување со квалитет и техничка компетентност, воспоставен согласно Стандардот МКС ИСО/ИЕЦ 17025.

За доследно извршување на поставените цели и високо ниво на квалитет на понудените услуги, ЦЈЗ Скопје се обврзува на:

Задоволување на барањата на клиентите, согласно барањата на меѓународните стандарди и ИСО/ИЕЦ 17025:2017 и ИСО 9001:2015.

Ефикасно, брзо, прецизно, точно, навремено, компетентно и непристрасно тестирање на храна и вода.

Создавање задоволни клиенти, преку постојана комуникација и одржување на партнерски однос со корисниците на услугите, обезбедувајќи висок квалитет и сигурност на сите наши производи и услуги.

Обезбедување на високо ниво на доверливост спрема добиените информации и резултатите од тестирањата.

Врвното раководство и вработените во ЦЈЗ Скопје се обврзуваат да се придржуваат кон начелата на непристрасност, независност и целосна објективност во спроведувањето на сите свои активности.

Воспоставување и негување партнерски и пријателски односи со добавувачите, за достигнување на заедничките интереси и цели.

Набавка на влезни производи и услуги од проверени и докажани добавувачи.

Поттикнување на развојот со континуирана едукација и мотивација на вработените со цел да се постигне максимален придонес за организацијата од секој вработен.

Создавање на услови за развивање на креативноста и унапредување на тимската работа кај вработените.

Примена на процесен приод преку идентификување, планирање, воведување, контрола и континуирано подобрување на сите процеси кои имаат влијание врз квалитетот на услугите.

Навремено идентификување на ризиците и можностите во работењето, проактивно управување со нив заради унапредување на услугите, процесите и системот за управување со квалитет.

Водење грижа за подобрување на условите за работа, опремата и стручноста на вработените, како и заштитата на животната средина.

Континуирано подобрување на постоечките и воведување на нови методи за тестирање, со цел проширување на дијапазонот на понудените услуги.

Учествување на лабораториите во размена на искуствата во соодветни шеми за ТО, МЛС, ЕОК (онаму каде што е можно ), други акредитирани и компетентни лаборатории , што е предуслов за добивање и одржување на акредицијата на една лабораторија како и во процесите на стандардизација.

Менаџерскиот тим и целиот персонал се обврзуваат во целост да ја почитуваат Политиката за квалитет, преку континуирана примена, одржување, постојан развој и подобрување на ефективноста на системот за управување со квалитет и со лабораториска дејност, согласно барањата на меѓународните стандарди ИСО 9001 и ИСО/ИЕЦ 17025.

**МОТО**

ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ

**ВИЗИЈА**

Јавна здравствена установа број 1 во Македонија.

***МИСИЈА***

*Постојана грижа за здравствената безбедност и превентивна заштита на луѓето, безбедноста на храната и водата во регионот и пошироко....*

Ноември, 2020

Директор
Д-р Besim Zeqiri,
спец.по оториноларингологија